Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-770/1
17-09- 2026 год.
Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 17 -09- 2026
Орг. един. | Бр. | Прилог | Вредност

До
Совет на Општина Велес

**Предмет:Доставување на Годишна програма за работа за 2026/2027 година и Извештај за работата за 2025/2026 година на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес.**

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви доставуваме Одлуки донесени на седницата на Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес, одржана на ден 16.09.2026 година, за донесување на **Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година и Извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2025/2026 година**, кои согласно Законот за заштита на децата, бараме од Советот на Општина Велес како основач на Установата да бидат усвоени.

**ВО ПРИЛОГ**:

**-Одлука на УО на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.02-748/3 од 16.09.2026 година;**
**-Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.01-750/1 од 16.09.2026 година;**
**-Одлука од УО на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за Извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.02-748/4 од 16.09.2026 година;**
**-Извештај за работата на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за 2026/2027 година, со арх.бр.01-749/1 од 16.09.2026 година;**

Со почит,

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "Димче Мирчев" Република Северна Македонија Велес

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Велес, 17.09.2026 година

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-748/3
16.09.2026 год.
В е л е с

Врз основа на член 116 ст.1 алинеа2 и член 168 ст.3 од Законот за заштита на децата ( Консолидиран текст) и член 25 ст.1 алинеа 2 од Статутот, Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес на својата седница одржана на ден 16.09.2026година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Годишната програма**

**за работа на установата за 2026/2027 година**

Член 1

Со оваа одлука **СЕ ДОНЕСУВА Годишната програма за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“-Велес за 2026/2027година.**

Член 2

**СЕ ПРЕДЛАГА** на Советот на Општина Велес **ДА ЈА УСВОИ Годишната програма за работа на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес за 2026/2027одина.**

Член 3

Составен дел на оваа одлука е **Програмата за работа на ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес за 2026/2027 година.**

Заменик претседател на Управен одбор

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

Мери Перкова

Доставено до:

-Совет на ЕЛС

-архива

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -ДЕТСКА ГРАДИНКА „ДИМЧЕ МИРЧЕВ" ВЕЛЕС

**2026/2027**




**Септември 2026 год.**

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 01-750/1
16.09.2026 год.
В е л е с

## Вовед

ОЈУДГ „Димче Мирчев" е основана на 01.09.1959 година со Решение на Народен Одбор на град Велес. Првите години, работењето на Установата се одвива во еден објект, но со текот на времето како се развива потребата од згрижување на деца од предучилишна возраст се отвараат и другите објекти, така да од 1982 година, дејноста се врши во 6 организациони единици кои функционираат и денес на територијата на Општина Велес. Детската градинка врши дејност и во други просторни услови во Општина Градско, врз основа на Одлука за основање на група за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општина Градско и градинка во с. Караслари.

Според Одлука на Влада (Сл. весник бр. 51/2005) за пренесување на оснивачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините, објектите на ОЈУДГ „Димче Мирчев"се во сопственост на Општина Велес.

Од нејзиното основање до денес Установата може да се гордее со квалитетна воспитно-згрижувачка и јавна дејност, со што е препознатлива во општината и државата.

Организацијата и содржината на дејност во детската градинка се остварува преку програми. Воспитно-образовната работа во установата се изведува според Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој.

Јавната детска градинка донесува годишна програма за работа. Годишната програма за работа содржи: организација и работно време на градинката, програмите на детската градинка, распоредување на децата во групи, работата на директорот, стручните и други работници, соработка со родителите, соработка со други установи и институции, воспитно-образовни и проектни активности за децата во градинка, перманентно стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Следејќи ги современите светски трендови во предучилишното воспитание и образование, во нашата Установа се реализира програма за раст, развој и рано учење која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на здрав детски развој во сите развојни домени.

И понатаму нашата установа ќе остане доследна на своите главни цели, да биде безбедна, стимулативна и креативна средина за развој на децата од предучилишна возраст, да реализира квалитетно предучилишно воспитание и образование и да одговори на сите нови предизвици кои ги нуди современата предучилишна теорија и пракса.

## 1. Појдовни основи за организација на дејноста

Дејност на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Планирањето на воспитно-образовната и згрижувачка дејност на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" се одвива врз основа на следните документи :

- Закон за заштита на деца – објавен во Службен весник 23/2013 од 14.02.2013 год. 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018; 104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020; 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 17/2025; 132/2025; 125/2026; 183/2026;
- Закон за работни односи - објавен во Службен весник 62/2005 од 28.07.2005 год. со измени 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023; 39/2025; 74/2025; 124/2025;
- Закон за административни службеници- објавен во Службен весник 27/2014 од 05.02.2014год. со измени 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018; 275/2019; 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024; 210/2024;
- Закон за вработените во јавниот сектор – објавен во Службен весник 144/2025 од 17.07.2025год. и измени 252/2025;
- Статутот на Установата;
- Програма за рано учење и развој (Сл.Весник на Р.Македонијабр.46/14)

- Програма за рано учење и развој за деца со пречки (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/15)
- Програма за едукација на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна (Сл.Весник на Р.Македонија бр.98/14)
- Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна.
- Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.
- Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.
- Стандардите за рано учење и развој.

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се организира преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно вклучување во основно образование.

Покрај горе наведеното Детската градинка:

- Организира згрижување и воспитание и за деца со потешкотии во развојот;
- Детската градинка може да остварува и програма за продолжен престој за деца според потребите и работното време на корисниците на овие услуги;
- Има можност да организира и други скратени вонинституционални форми за згрижување и воспитание и за деца кои не се опфатени со згрижување и воспитание во детската градинка;
- Може да дава одредени услуги на деца и семејства.

Згрижувањето и воспитанието на децата во детската градинка се остварува по правило во хомогени групи односно хетерогени групи, во зависност од возраста на децата.

## 2. Услови за работа и организациона поставеност

Својата дејност Установата ја реализира во 6 (шест) организациони единици во Општина Велес, градинка во други просторни услови во Општина Градско, како и објектот во с. Караслари:

**Објект 1** „Маргаритки" - ул. „Трајко Панов" бр.15 со капацитет од 125 деца. Престојуваат **102 дете,** сместени во 5 групи;

**Објект 2** „Сонце" - ул. „Тодор Христов-Офицерчето" бр.1 со капацитет од 260 деца. Престојуваат **371 деца** во 14 групи;

**Објект 3** „Детелинки"- ул. „Тодор Јанев" бр.7 со капацитет од 255 деца. Престојуваат **196 деца** во 8 групи;

**Објект 4** „Дизни" - ул. „Благој Ѓорев" бр.215 со капацитет од 120 деца. Престојуваат **166 деца** во 6 групи;

**Објект 5** „Ѕвездички"- ул. „Архиепископ Михаил" бр.158 со капацитет од 100 деца. Престојуваат **123 деца** во 5 групи;

**Објект 6** „Ѕвончица"- ул. „Коле Цветков" бр.6 со капацитет од 125 деца. Престојуваат **126 деца** во 5 групи.

**Објект 7** „Кокичиња"- Општина Градско - ул. „Маршал Тито" бр.68 со капацитет од 32 деца. Престојуваат **30 деца** во 1 група .

**Објект 8** „Пинокио" – с. Караслари со капацитет од 40 деца. Престојуваат **8 деца** во 1 група.

**Работни единици во кои се остварува дејноста**

| **Објекти** | **Капацитет** | **Бр. на** |
|---|---|---|

| | | **Занимални** |
|---|---|---|
| објект 1 | 125 | 7 |
| објект 2 | 260 | 14 |
| објект 3 | 255 | 11 |
| објект 4 | 120 | 6 |
| објект 5 | 100 | 5 |
| објект 6 | 125 | 5 |
| **Вкупно:** | **985** | **48** |
| објект 7 | 32 | 2 |
| објект 8 | 40 | 1 |
| **Вкупно:** | **72** | **3** |
| **Севкупно:** | **1057** | **51** |

И оваа година во рамките на Установата ќе функционира проектот:

**„Вклучување на деца-Роми во Јавните општински установи-Детски градинки во Република Северна Македонија”** со кој ќе бидат вклучени најмногу до 15 деца.

**2.1.Просторни услови**

Со цел да остане современа и да одговори на потребите на современите предучилишни генерации, Установата постојано партиципира во инфраструктурата и во ентериерите на објектите одржувајќи ги во добра кондициона состојба и создавајќи услови за подобро и посовремено работење.

Условите во кои работи Установата одговараат, односно ги задоволуваат педагошките стандарди и нормативи. Со текот на годините голем дел од занималните се опремени со нов мебел, кој со воведувањето на современи програми и концепции е обновен, разигран и функционален.

Занималните се уредени по систем центри за активности, бидејќи тоа го бара и Програмата за рано учење и развој. Центрите се добро уредени, за што голема заслуга има воспитно-згрижувачкиот персонал кој со свои креации и изработки ги збогатува и оплеменува давајќи им топол, привлечен и сигурен изглед. И оваа година фондот на играчки,

едукативен и дидактички материјал ќе го збогатиме и истиот ќе биде во функција на поквалитетно реализирање на активностите и проектите кои се изведуваат со децата.

Дворовите на сите објекти ќе се опремени и наликуваат на катчиња за учење на отворено. Истите изобилуваат со низа дидактички материјали со кои што се стимулира детската љубопитност и иницијативност, децата се поттикнуваат да истражуваат, да учат и да стекнуваат вештини во непосредната природна околина.

**2.2. Потребни зафати за санација и реконструкција на Установата**

- Набавка, транспорт и монтажа на ламинат и ПВЦ опрема во Објект 2 и 3
- Санација на детски тоалети и санитарни јазли во Објект 2
- Реконструкција на влез во кујна и тоалети во Објект 6 и 2
- Изведба на канализација во Објект 2
- Реконструкција на кров на анекс во Објект 2
- Реконструкција на потпорен ѕид (надворешен) во Објект 5
- Реконструкција на под и постоље во предпростор на чајна кујна во Објект 2
- Реконструкција на дел од двор во Објект 3 и Објект 1
- Санација на чајна кујна во Објект 5
- Одржување на пвц опрема и поставување комарници во сите објекти
- Набавка на нови теписони за занимални

**2.3. Аудио-визуелна опременост** во Установата е солидна со тоа што овој фонд постојано ќе се обновува. Установата располага со доволен број на лаптопи, таблети за непречена воспитно-образовна дејност, компјутери, ЛЦД проектор, фотокопири, ЦД плеери и ТВ приемници.

**2.4. Библиотечниот фонд** се збогатува секоја година, па библиотеката е добро опремена со стручна литература. Со истата се опремени сите објекти и неа ја користи воспитно-згрижувачкиот персонал, достапна е во секој момент за лична консултација и правилна и современа примена на содржините планирани за децата од сите возраст. Предвидена е

набавка на нови литературни наслови, прирачници, сликовници, приказни и драмски текстови, а по потреба и енциклопедии за деца од различен вид, книги со детски игри и сл.

**2.5. Набавка и дополнување на игровна опрема и дидактички материјали** во сите објекти е континуиран процес кој има за цел подобрување на условите за престој и учење на децата во градинка.

# 3. Организација на животот и работата во детските јасли и градинските групи

Програмата се реализира од 1 Септември до 31 Август. Работно време на установата е од 05:30-18:00 часот во зависност од потребите на родителите.

Воспитно-образовната работа во детската градинка се организира во групи во зависност од возраста на децата. Оваа година во установата ќе функционираат 7 јаслени, 38 градински групи.

### 3.1. Организација на животот и работата во детските јасли

■ до 08:15- прием на децата и слободни активности

■ 08.15-подготвување за појадок и појадок

■ 09:00- реализација на дневно планирање

■ 10:00- ужинка

■ 10:20- тоалет и подготовки за спиење/слободни игри и престој на свеж воздух

■ 10:50-пасивен одмор-спиење

■ 11:30-тоалет и подготовки за ручек

■ 12:00-ручек

■ 12:30-пасивен одмор-спиење

■ 14:45 -ужинка

■ 15:00-слободни игри

■ 15:30 -18.00 - слободни игри и испраќање на децата

За децата  од јаслените групи се грижат две негователки, кои ги извршуваат сите активности поврзани со негата, одржувањето на хигиената и здравствената заштита на децата и дневни активности насочени кон поттикнување на развојот и раното учење кај децата. Како основни активности во јаслените групи доминантни се игрите карактеристични за оваа возраст, односно игрите во кои преовладуваат активностите за развој на моториката и координација на телото при движење. Особено ќе се посвети внимание на активностите кои влијаат позитивно на развојот на социо-емоционалните односи кои претставуваат база за понатамошниот развој, развојот на тактилната осетливост и перцепцијата, музичко-ритмичките способности, како и активности кои го стимулираат развојот на говорот и др.

**3.2. Организација на животот и работата во градинските групи**

■ до 08:15- прием на децата

■ 08:15- утринска гимнастика

■ 08:30-појадок

■ 09:00-реализација на дневното планирање

■ 10:00-ужинка

■ 10:30-реализација на дневното планирање

■ 11:00-прошетки, набљудување и престој на воздух

■ 12:00-средување на центри за учење

■12:15-ручек

■ 12:30- пасивен одмор-спиење

■ 14:30-ужинка

■ 15:00-факултативни и слободни активности

■ 15:30-18:00- слободни игри и испраќање на децата

**Градинските групи** ќе работат во насока на реализирање на згрижувачката, воспитната и образовна дејност. За децата од овие групи ќе се грижи воспитен тим составен од воспитувачка и негователка и ќе ги остваруваат дневните воспитни насочени, слободни и хигиенски активности. При реализирањето на активностите основен принцип од кој се поаѓа е интересот и желбата на детето. Целта на активностите е правилно да се насочат и канализираат детската љубопитност, интерес и желба за сознавање, а преку тоа позитивно да се влијае на сензомоторниот, социо-емоциналниот и когнитивниот развој на децата.

**Видови на активности** кои ќе бидат застапени кои и до сега беа застапени во програмата се **реализација на дневни активности и слободни активности и игри**. Дневните активности ќе имаат за цел да ги едуцираат децата преку содржини адекватни и адаптирани за одредена возраст, а за кои основните насоки се концепираат на тематските планирања во соработка со стручната служба. Слободните активности и игри пак можат да бидат застапени во два наврати во текот на денот, а имаат за цел да ги задоволат желбите на децата за индивидуална игра и игра во група, без разлика дали станува збор за имитативни, симболични, подвижни или друштвени игри. Други активности кои се застапени во текот на денот се секојдневните активности за лична хигиена и активности во врска со правилата за однесување во различни ситуации.

Особено ќе им се посвети внимание на прошетките и игрите на воздух, набљудувањата и моторичките игри кои се во корелација со дневните активности, а и истражувачките игри најчесто во природа.

Со Програмата за рано учење и развој се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели примери на активности, очекувани резултати и соработка со родители.

## 4. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа

Современите научни сознанија во делот на предучилишното воспитание и образование укажуваат на тоа дека овој период на детскиот развој е најинтезивен и е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кои зависи натамошниот развој на идната личност. Во овој период детето се социјализира, трансформира, афирмира, се развива и усовршува неговата моторика, се богати неговиот говор, се задоволуваат потребите на детето за игра и контакти со врсници и возрасни, се развиваат изразните и творечки потенцијали, се создаваат хигиенски, културни, работни навики и др.

Во Установата се реализира Програмата за рано учење и развој од 0-6 год. која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на здрав детски развој. Во одделните степени на развојот на детето се негуваат и поттикнуваат оние форми на однесување и изразување што се карактеристични за тој период, а се развиваат индивидуалните можности и се создаваат услови за неговиот натамошен развој.

Истата ги обединува здравствена и социјалната заштита, овозможува интелектуални стимулации, давање можност за истражување и активно учење, нуди адекватен социо-емоционален развој и секаков вид на грижа како би им се овозможило на децата во потполност да ги остварат своите потенцијали.

Согласно целите на воспитно-образовната работа улогата на воспитувачот во градинката се состои од:

- Следење на детскиот развој индивидуално;
- Почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирањето и реализирањето на воспитно-образовната дејност (интегрирано);
- Мотивирање на децата за различните видови активности;
- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процес, самовреднување и рефлексија;
- Водење досие на детето;
- Развивање елементарна способност за самовреднување кај децата;
- Градење партнерство со семејството;

- Соработка со училиштата и локалната самоуправа;
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели;
- Реално планирање, усогласување со можностите, потребите, интересите на децата, условите во потесната и поширокатa средина;
- Тимско работење, соработка со стручни, научни и други институции во поширокатa средина;
- Обезбедување стимулативна средина, позитивна социо-емоционална клима, нагледност и автентичност во воспитно-образованиот процес;
- Поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализација на целите.

Програмата за рано учење и развој се реализира преку следните домени:

- Здравје и моторен развој
- Социо-емоционален развој
- Пристап кон учењето
- Јазик, комуникација и творештво
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења
- Креирање стимулативна средина за игра и учење

Во занималните во установата воспитно-образовната работа од областите социо-емоционален развој, моторички развој, физичко воспитание, здравствено воспитание, интелектуален развој, комуникација и творештво, се реализираат во центри за активности. Центрите за активност претставуваат тематски структуриран простор во занималната кои на децата им овозможува да играат и учат на различен начин. Играта во центрите претставува таков вид на „учење“ кој им овозможува на децата да ги изразат своите идеи, мисли и ставови, а на воспитниот тим да ја исполни својата суштинска улога која се состои во давање помош и координација на играта. Овој начин на игра и учење им овозможува на децата постојано стекнување на комуникациски вештини надминувајќи ги притоа конфликните ситуации кои се случуваат како последица на различните размислувања или интереси.

Бројот на центрите за активност е менлив. Истиот варира и се прилагодува на потребите на програмата, интересите на децата како и воспитно-образовните цели кои се поставени за реализација. Најчесто се користат следните центри за учење:

- Литературен центар
- Математички центар
- Центар за игра со конструктивен материјал
- Научно истражувачки центар
- Уметнички центар
- Центар за игри со улоги, драматизација и куклени претстави
- Центар за изложување детски творби

## 5. Здравствена дејност

Вклучување на децата во колективен живот, надвор од нивната семејна средина, во најрана возраст, подразбира и адекватна здравствена заштита. На оваа возраст децата се особено осетливи, па нивниот развој во голема мера зависи од нивна правилна заштита, од влијанија на надворешната средина, правилна исхрана и здрава социјална и емотивна средина.

Во согласност со целите и задачите кои ги предвидува Програмата во текот на годината, здравствената заштита ќе се остварува во предвидените насоки, со цел создавање на оптимални здравствени и хигиенски услови. Во тие услови првенствено спаѓаат:

- соодветни санитарни и хигиенско-технички услови на објектите и инвентарот;
- правилна и редовна исхрана адаптирана на возрасните потреби на децата;
- здрав и организиран дневен распоред на игрите, активностите и одморот на децата;
- често и правилно користење на природните фактори;
- формирање на хигиенски и здравствени навики кај децата;
- систематска воспитно-образовна работа со децата која ќе овозможи тие самите да се запазуваат од незгоди, загадувања итн.

Особено значајни мерки кои ќе се превземат се мерките за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а во тој контекст е и редовно проветрување, адекватно и навремено затоплување.

Истакнувајќи го значењето на здравствената состојба на вработените, ќе се организираат и редовните систематски прегледи. Особено, ќе се внимава на правилниот начин на чување и дистрибуирање на прехранбените производи, овошјето и зеленчукот по објектите. Најважен критериум за продуктите е нивниот висок квалитет како и предвидување на потребни количини со што би се зачувал и нивниот квалитет.

Контрола на горенаведеното во текот на годината ќе биде реализирана од страна на на Заводот за здравствена заштита - Велес, Државен санитарен и здравствен инспекторат и Агенција за храна и ветеринарство, што е неминовно за давање на стручна оценка за хигиената.

Континуирано ќе се вршат месечни антропометриски мерења на децата, со што ќе се следи растот и развојот.

Особено значаен фактор при заштита на здравјето на децата е квалитетната храна. За храната особено е значаен начинот на подготвувањето, затоа главната кујна е современо опремена по предвидените HACCP норми, а во останатите објекти храната ќе се дистрибуира до помошните кујни со возило кое единствено се користи за таа намена. Помошните кујни ќе се користат за сервирање и подготвување на помали оброци. Листата на јадењата ќе коресподира со критериумите и насоките од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Истата ќе се изготвува еднаш месечно или еднаш на два месеци со цел да се искористат сезонските продукти за готвење или продуктите кои се конзумираат свежи. Листата ќе ја подготвува и редовно ќе ја следи Комисијата за изготвување на листа на јадење.

Постојано ќе се следи психофизичкиот развој на децата и во таа насока се води уредна документација во форма на досие за секое дете.

Во делот на навремено откривање на извесни симптоми на одредени болести кај децата додека престојуваат во градинка, потребна е навремената имунизација, секојдневна

тријажа при доаѓање на детето во групата и негова брза изолација до доаѓањето на родителот.

Ќе продолжи и реализација на Програмата на Акциониот план од координативното тело за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0-14 годишна возраст во Р. Македонија. Истата се спроведува од страна на одделот за превентивна детска стоматологија при ЈЗУ Здравствен дом преку систематски прегледи и едукативни предавања низ следните темите:

1. Градба и функција на орална празнина;
2. Правилна исхрана и контрола на внес на шеќери;
3. Правилна орална хигиена;
4. Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели.

Имено, сите овие мерки укажуваат на фактот дека здравствената заштита ќе биде примарно јадро во работата на Установата.

Значајно е да се забележи фактот што во градинката престојуваат деца кои имаат одредени потешкотии во својот психофизички развој. Досегашното искуство од работата со деца со потешкотии во развојот, говори дека градинката е вистинска инклузивна средина за поттикнување и стимулирање на детскиот развој, особено психомоторен, социо-емоционален, сознаен, говорен, за што говорат и постигнатите резултати кај поголемиот дел од децата вклучени во воспитно-образовната работа во рамки на редовните градински групи. Најчесто со овие деца се користи индивидуализиран пристап на работа од страна на двајца дефектолози во установата, со прилагодени активности и содржини, соодветни за нивните можности, способности, потреби и интереси.

Раната возраст е период кога се развива на говорот кај децата, затоа градинката е исклучително важна средина за развивање и стимулација на говорните вештини. Во овој предучилишен период се јавуваат и потешкотии во говорот кај одредени децата во смисла на задоцнет говорен развој, потешкотии и неправилности во артикулацијата на одредени гласови, потешкотии при формирање на правилна и граматички точна реченица, пелтечење и др. И оваа година овие дечиња ќе се детектираат и со истите ќе се спроведуваат индивидуални и групни логопедски третмани од страна на логопедите.

## 6. Јавна и културна дејност

Соработката помеѓу општествената средина и Установата се организира со цел децата да се запознаат со животот и работата на возрасните, како и односите меѓу нив, а се со цел да се развијат позитивни емоции кон средината, возрасните и нивните врсници.

Јавната и културна дејност на Установата се реализира преку:

**1. Приредби-интерни во објектите и јавни настапи;**

**2. Учество на манифестации од општинско или републичко ниво;**

**3. Посети и средби;**

**4. Излети;**

**5. Гостувања.**

**Календ**ар на јавно-културни активности на Детската Градинка

| ***Ред.бр.*** | ***Активности*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|
| 1. | 8-ми Септември – Ден на независноста | Септември |
| 2. | Европска недела на мобилност | Септември |
| 3. | Семејна авантура под отворено небо | Септември |
| 4. | Ден на мирот | Септември |
| 5. | Детска Недела | Октомври |
| 6. | 11-ти Октомври | Октомври |
| 7. | Ден на здрава храна | Октомври |
| 8. | Светски ден на детето | Октомври |
| 9. | 9-ти Ноември | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | 3-ти Декември | Декември |
| 11. | Испраќање на есента | Ноември |
| 12. | Нова Година | Декември |
| 13. | Божиќни празници | Јануари |
| 14. | Традиционален празник Прочка | Февруари/Март |
| 15. | Светски ден на љубов кон миленици | Февруари |
| 16. | 8-ми Март | Март |
| 17. | Првиот пролетен ден | Март |
| 18. | Денот на екологијата | Март |
| 19. | Засади дрвце, засади радост | Април |
| 20. | Априлијада | Април |
| 21. | Светски ден за подигнување на свеста за аутизмот | Април |
| 22. | Патронен празник | Април |
| 23. | Ден на планетата Земја | Април |
| 24. | Ден на Европа | Мај |
| 25. | Ден на пеперутките | Мај |
| 26. | Светски ден на семејството | Мај |
| 27. | Игри без граници | Јуни |
| 28. | Завршна приредба | Јуни |
| 29. | Интернационален фолклорен фестивал | Јули |

**6.1.Соработка со локалната и општествената заедница**

Установата, во текот на своето работење, градејќи квалитет ја отвара вратата за секаков вид соработка која ќе допринесе за подобрување на истиот, имено и натаму ќе продолжи да соработува со установите и институции на локално и државно ниво.

Соработката со предучилишните установи од другите градови е особено значајна бидејќи преку размената на искуствата, ја надградуваме и усовршуваме нашата работа, а и оваа година соработката ќе ја продолжиме преку проекти со предучилишни установи од

други држави во контекст на воведувањето на нови програми за работа.

# 7. Соработка со семејството

Соработката на детската градинка со родителите и квалитетната комуникација на релација воспитувач-родител е еден од основните фактори насочени кон обезбедување на правилен и оптимален развој и учење на детето. Во реализацијата на целите, содржините и активностите на оваа програма предвидени во рамките на секој аспект од развојот на детето треба да се обезбеди:

- Поттикнување на родителите за учество во креирањето на годишната програма за работа на детската градинка;
- Поттикнување на родителите за нивно активно вклучување во подготовката на воспитно-образовниот процес (договори за реализација на одредени теми, изработка на дидактички средства и материјали за реализација на воспитно-образовната активност и сл.)
- Поддршка на родителите за учество во реализација на дел од планираните содржини;
- Вклучување на родителите за учество во работилници во врска со различни поводи и празници.

Детската градинка како ресурсен центар е подготвена и отворена за едукација и поддршка на родителите.

### 7.1. Партнерски односи на соработката

Воспитно-згрижувачкиот тим и родителите кои се активно вклучени во градинката мора да работат поврзано со цел меѓу себе да изградат кооперативен однос. Фокусот на ова партнерство е концентриран на децата и нивниот иден развој.

Бројни се ефектите од воспоставувањето партнерски односи помеѓу градинката и семејството. Корист од овој начин на соработка имаат сите учесници вклучени во воспитно-образовниот и згрижувачкиот процес.

**Корист за децата:**

- континуитет на семејниот и градинскиот живот;
- полесна адаптација на новите животни услови и подобро прифаќање на градинката;
- зголемување на чувството на сигурност и себепочитување;
- зголемување на можноста за користење на индивидуализиран пристап во воспитно-образовниот процес;
- подобро разбирање на авторитетот и почитување на возрасните.

**Корист за родителите:**

- подобро запознавање на сопственото дете надвор од семејството;
- стекнување на нови вештини за подобро родителство;
- ефикасно реагирање при можни проблеми со детето;
- лична сатисфакција-манифестирање на сопствените способности;
- континуирано следење на напредокот на сопственото дете;
- задоволство од достигнувањата и постигнатиот успех на детето;
- подобро разбирање на сопствените права и одговорности;
- чувство на поддршка од страна на градинката и другите родители.

**Корист за воспитно-згрижувачкиот тим:**

- подобро запознавање на децата, нивните потреби, интереси, систем на вредности и култура;
- поддршка, разбирање и почитување од страна на родителите;
- подобро и побрзо дијагностицирање на проблемите кај децата;
- интеграција на хоби, таленти, знаења и умеења кај родителите;
- стекнување нови комуникациски вештини;
- пропорционален однос на релација дете-возрасен;
- изедначување на воспитни модели;
- поголема професионалност во работата.

### 7.2. Форми на соработка со семејствата

Воспоставувањето на партнерски односи помеѓу градинката и семејството е долготраен процес како за воспитувачите/негувателите така и за родителите. Од тие причини многу е важно при градењето на партнерството на располагање да се имаат и користат различни форми на комуникација.

**Дневната комуникација** се реализира преку секојдневните контакти со родителите при приемот и испраќањето на децата и се однесува на потребите, интересите на децата и други важни информации.

**Родителски средби и разговори со родителите** (индивидуални, мали групи и заеднички).

Во **пишана комуникација** влегуваат брошури, каталози, програми, огласни табли, електронска комуникација, писмени пораки, писмени извештаи и портфолија. Во последните години на родителите се по достапна им е и **интернет комуникацијата** преку веб страна: **www.gradinkadimcemircev.mk**, електронска пошта gradinkaveles@gmail.com и фејсбук профилот: **Dimce Gradinka Mircev**.

**Непосредна комуникација** со родителите се реализира при секојдневните посети во градинката, индивидуални и телефонски разговори.

**Непосредно учество** на родителите како форма е исто така присутна. Родителите можат да бидат соработници на различни нивоа и во различни улоги.

Воспоставената соработка со родителите е важно да биде постојана и квалитетна. Меѓусебната комуникација мора да биде отворена и спонтана, а тоа значи почитување на идеите, сугестиите и ставовите на родителите.

## 8. Проекти и проектни активности

### 8.1. Реализација на проекти со децата во Установата

Главна цел на овие активности е да ги поттикнат речиси сите компоненти на детскиот развој да им го поттикнат интересот, љубопитноста, креативноста, фантазијата и проширување на детските сознанија.

Поради тоа што голем дел од она што децата го учат во предучилишна возраст го учат брзо и лесно, детската љубопитност воспитувачот ја негува и поттикнува, имајќи во предвид дека детето никогаш нема да научи толку многу и за кратко време како во предучилишна возраст.

Знаејќи дека тоа е и најуспешниот начин на учење, стручниот тим прилагодува материјали и средства кои на најдобар начин ќе одговорат на детските желби и интереси. Токму од таа причина во современата воспитно-образовна пракса водени од претходното позитивно искуство ќе продолжиме со **работа на проектни активности.**

Предлог за проекти за оваа година произлезе од интересот на воспитно-згрижувачкиот персонал и децата како и од желбата да се осознае нешто ново и повеќе за областа која до сега не се истражувани**.** Стручните работници заеднички донесоа одлука оваа година во рамките на Установата да се реализираат следните проектни активности и тоа:

### 8.1.1 Проект „Јас и мојот свет – семејство”

Преку овој проект, децата на возраст од **4-5 години** ќе го откриваат светот на своето семејство и заедницата преку игра, истражување и уметност. Семејството е нашето прво училиште за љубов и поддршка, а заедницата е простор во кој растеме и учиме за соработка, почит и различност. Со низа креативни и истражувачки активности ќе ги поттикнеме децата да ги изразат своите искуства, да се чувствуваат како дел од своето семејство и заедница и да ја развиваат креативноста. Со овој проект, сакаме да ги охрабриме децата да ги делат своите искуства и да ја истражуваат важноста на односите во семејството и заедницата.

**Цели на проектот:**

-Развивање на свест за семејството: Децата ќе научат заразличните типови на семејства, нивните улоги и важноста на семејната поддршка.

-Запознавање со општествената заедница: Ќе истражуваткакви услуги, активности и ресурсите нуди нивната заедница (како паркови, библиотеки, училишта).

-Подобрување на комуникациските вештини: Децата ќе практикуваат како да се изразат и да комуницираат со други, при што ќе учат како да слушаат и почитуваат различни перспективи.

-Засилување на чувство на припадност: Проектот ќе помогне во градба на чувство на припадност восемејството и заедницата, поттикнувајќи ги децата да се вклучат во активности кои промовираат единство и соработка.

-Стимулирање на креативноста: Децата ќе имаат можност да создадат уметнички дела, колажи или приказни кои ќе можат да ги споделат со групата, истакнувајќи ги своите искуства.

Овој проект е одличен начин да се поттикне развојот надецата, да им се помогне да се поврзат со околината и да се подобри нивната социјална свест.

**Планирани активности:**

**Октомври** – „Јас и моето семејство“

1. Сликовница: ,,Јас и моето семејство” (изработка на приказна-сликовница во соработка со родители)

2. Театарска игра „Кој што прави дома?“ – децата во улоги на мама, тато, баба, дедо.

**Ноември** – „Топлината на семејството“

1. „Еден ден со мама и тато во градинка“ – отворен ден со креативни активности.

2. „Приказни со баба и дедо“ – читање и раскажување бајки од нивното детство.

3. „Зимница со баба“ – посета/работилница (правење салата, компот или макета од пластелин).

**Декември** – „Даваме љубов, создаваме радост“

1. Хуманитарна работилница/собирна акција „За сите деца'' – собирање храна и играчки, креативно пакување со цртежи.

2. „Новогодишно ателје“ – украсување на занималната/изненадување во соработка со родители.

3. „Колачињата на мама/баба“ – правење и украсување.

**Јануари** – „Зимски радости“

1. „Зимски лудории“ - нарпеварувачки игри

2. „Што прават дада и бато?“ - посета на училиште

**Февруари** – „Семејството е љубов“

1. „Имаме миленичe“ – разговор за грижа кон животни и дружење со миленичe.

2. „Што работат мама и тато?“ – посета на работни места и презентација во градинка.

3. „Срце за моето семејство“ – изработка на големо колективно срце со отпечатоци од дланки.

**Март** – „Јас и мојот град“

1. „Мојот град се вика...“ – прошетка и макета од куќи, улици, паркирање.

2. „Мала градска изложба“ – деца изложуваат свои цртежи на тема Велес.

**Април** – „Култура и традиција“

1. „Ден во библиотека“ – запознавање со книги, читање приказни.

2. „Приказна за добар сон“ – гости од библиотека во градинка.

3. „Велигденски обичаи“ – бојадисување јајца, раскажување семејни традиции.

**Мај** – „Да прославиме“

1. „Меѓународен ден на семејството“ – отворен ден со родители (редење сложувалки, натпревари во тимови, трка со вреќи).

2. „Семејна уметничка галерија“ – изложба на слики, фотографии и колажи од семејства.

3. Завршна активност „Мојот свет со љубов и другарство“ – песна, танц и претставување на делата од проектот.

Координатор на проектот: Маја Слабева-воспитувач

**8.1.2. Проект ,,Малите граѓани на големиот град”**

Градот не се состои само од згради и улици. Тој е жив систем составен од институции, служби и луѓе кои овозможуваат неговите жители – без разлика на возраста – да живеат, учат, растат и созреат. Проектот „Малите граѓани на големиот град“ им нуди на децата на

возраст од **5–6 години** едукативно и практично искуство, преку кое воспитувачите и локалните чинители ги отвораат вратите на градските сервиси и институции. Благодарение на непосредното искуство, децата ја градат својата доверба, љубопитност, чувство на припадност и разбирање за општествените структури кои ги опкружуваат.

Истражувањата покажуваат дека раното изложување на институционалната средина и конкретните примери ја стимулира детската емотивна и когнитивна едукација, вештините за соработка и комуникација и чувство на одговорност кон заедницата. Преку интеракција со различни професионалци и посети на институции, децата искуствено учат да го разбираат и да се поврзуваат со градот како жив организам.

**Цели на проектот:**

• Да се запознаат децата со функцијата и значењето на основните општински и јавни институции;

• Да се развие критичко и емпатично согледување на професионалците што го обликуваат градското секојдневие;

• Да се поттикне љубопитност, иницијатива и вклучување;

• Да се зацврсти чувство на припадност и граѓанска одговорност;

• Да се стимулира когнитивниот развој и социјалните вештини преку искуствени активности;

• Да се развијат визуелни, вербални и моторни компетенции преку едукативни работилници и посети.

**Планирани активности:**

**Октомври**

1. Здравствен центар – „Чувари на здравјето“ (посета и разговор со медицинско лице)

2. Библиотека – „Книга со градот“ (книги, разговор со библиотекар)

**Ноември**

1. Полиција – „Пријател на безбедноста“ (посета на станица, разговор со полицаец)

2. Земјоделие – „Во посета на фарма“ (екскурзија и практично искуство)

**Декември**

1. „Градот низ нашите очи“ (макета/соработка со родители)

2. Здрава исхрана – „Во кујната со нутриционист“ (работилница за здрави навики)

**Јануари**

1. Екологија – „Рециклираме за иднината“ (работилница за рециклирање)

2. Локална уметност – „Уметност и боја“ (работилница со локален уметник)

**Февруари**

1. Пошта – „Пратка од мали рачиња“ (поштенски процес, испраќање картички)

2. Јавен транспорт – „Каде оди автобусот/возот?“ (посета на автобуска/железничка станица)

**Март**

1. „Општината и малите граѓани“ (посета на општинска зграда)

2. Градски зелен простор – „Дрво по дрво“ (посета на парк и садење дрвце)

**Април**

1. Културни установи – „Музејски приказни“ (посета на музеј/културен центар)

2. Локални бизниси – „Од житница до лепчиња“ (посета на пекара, работилница)

**Мај**

1. „Каде оди водата?“ (посета и објаснување на системот)

2. Противпожарна служба – „Смел пожарникар“ (демонстрација на опрема и возила)

**Јуни**

1. Енергија – „Како доаѓа светлото?“ (посета на електродистрибуција)

2. „Мали граѓани – големи сништа“

**Координатор на проектот:** Веселинка Лучкова – воспитувач

**8.1.3. Проект : „Спортуваме, другаруваме”**

Во нашата установа ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес и оваа година ќе се реализира проектот за откривање на спортовите, во овој проект ќе учествуваат стручни соработници (дипломирани професори по физичко и здравствено воспитување, спортисти, тренери и воспитувачи од нашата установа). Овој проект ќе се реализира со децата од 4-6 годишна возраст. Целта на проектот е децата да се воведат во разни спортови, запознавање со нови спортски реквизити, запознавање на спортските објекти во градот, развивање на моторни вештини и поттикнување на здрави навики. Координатор на проектот-Александра Андоновска Јанева-раководител.

# 9. Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем

### 9.1. ЕКО градинка

Програмата „ЕКО - градинка” има за цел стекнатото знаење на темата животна средина да се примени и во пракса. Преку ова програма ќе се подигне свеста и на децата, на воспитувачите, на техничкиот персонал, на родителите и на сите други кои се вклучени директно или индиректно во нашата заедница на тема заштита на животната средина, а со тоа ќе се овозможи теоретското знаење да се примени во секојдневниот живот.

Со оваа програма децата и воспитувачите ќе стекнат активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во градинката, во домот, но и во својата заедница и пошироко.

Вклучувањето и активна улога на децата е една од главните цели, како и соработка на градинката со локалната заедница, родителите, бизнис секторот, медиумите и сите други фактори од зедницата. Таа е демократска и интерактивна програма која им нуди одлична можност на децата да научат како да го дадат својот придонес кон светските напори за зачувување на планетата Земја.

Веќе постои дизајнирана меѓународна програма за еко-градинки со која се охрабруваат активностите на полето на животната средина на целата градинка.

Како резултат на повеќегодишното реализирање на Еко Програмата и низата активности во рамките на Еко проектот, нашата градинка е меѓу првите предучилишни установи кои е дел од европската мрежа на ЕКО-градинки со највисокото признание ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ.

Септември:

16.09.2026 – Светски ден за заштита на озонската обвивка

22.09.2026 – Меѓународен ден без автомобили

26.09.2026 – Еко активности во нашиот двор

29.09.2025 – Еко патрола – Штедиме вода и струја!

Октомври:

Еко ден во рамките на Детската недела

16.10.2026 – Ден на здрава храна

Ноември:

03.11.2025 – Светски ден на чист воздух

Февруари:

18.02.2027 - Ден на батеријата

Март:

05.03.2027 – Светски ден за заштеда на енергија

21.03.2027 – Ден на Пролетта

22.03.2027 – Светски ден на водите

Април:

„Засади дрвце, засади радост! “ – на езеро Младост

22.04.2027 – Ден на планетата Земја

Мај:

15.05.2027 – Светски ден на климата

Јуни:

05.06.2027 – Светски ден за заштита на животната средина

## 10. Факултативни програми во Установата

Согласно интересите на децата и родителите во Установата се организираат факултативни програми од областа на:

**-Ритмика и балет**

Преку соодветна музика оваа програма на децата им го доближува танцот, народните игри, балетот, модерните и традиционалните игри и ги подготвува децата за јавни настапи.

**-Спорт и рекреација**

Целта на оваа програма е да се развие спортскиот дух кај децата, стекнување навики за совладување на спортски вештини, стимулација на моторни вештини.

**-Англиски јазик**

Децата низ игра ги учат основите на англискиот јазик. Се мотивираат за стекнување нови знаења, при што се почитува принципот на постапност и систематичност.

Со оглед на тоа дека факултативните активности во нашата установа се организираат од страна на надворешни соработници, истите оваа година ќе се реализираат по претходно добиена дозвола од страна на Советот на родители.

## 11. Стручен совет и стручно усовршување на кадарот

Стручниот совет го сочинуваат вработните кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот. Со стручниот совет раководи директорот. Стручниот совет:

- Утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа;

- Дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа;
- Учествува во формирање на воспитно-образовни групи;
- Учествува во изготвување на годишна програма на установата;
- Разгледува актуелна стручна литература;
- Разгледување и усвојување на новини во работата;
- Решавање прашања од витално значење за установата;
- Именува и разрешува претставник на јавната установа за деца во управниот одбор на јавната установа за деца од редот на вработените кои вршат стручни работи и
- Врши и други работи утврдени со Статут.

На советот се планираат актуелни теми важни за квалитетно и професионално работење, теми кои се во чекор со современите стандарди во предучилишното воспитание и згрижување на децата и со Програмата за рано учење и развој. Во оваа година ќе се реализираат интерни обуки, обуки од надворешни обучувачи, посета на семинари и работилници во зависност од потребите на установата и интересот на вработените.

## ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАДИНКАТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА УСТАНОВАТА:** ОЈУДГ „ДИМЧЕ МИРЧЕВ“-ВЕЛЕС | | | | |
| **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД:** ВОСПИТНА 2026-2027 | | | | |
| | | | | |
| **ЦЕЛ 1 Да се подобрат компетенциите на давателите на услуги и да се создаде стимулативна средина за работа со сите деца од предучилишна возраст** | | | | |
| **Активности** | **Целна група** | **Време на реализација** | **Одговорни** | **Индикатори** |
| Препознавање и идентификација на деца со графомоторни потешкотии во градинката | Сите даватели на услуги | Во текот на воспитната 2026/2027 година | Директор, стручни работници, раководители | - број на даватели на услуги кои ја посетиле обуката<br>- примена на резултати од истражување |
| Социо-емоционален развој кај децата | Сите даватели на услуги | Септември-Ноември 2026 | Директор, стручни работници, раководители | - број на даватели на услуги кои ја посетиле обуката<br>- примена на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | стекнатите знаења |
| Нарушувања во сензорна интеграција и препознавање | Сите даватели на услуги | Делември 2026 | стручни работници, | - број на даватели на услуги кои ја посетиле обуката<br><br>- примена на стекнатите знаења |
| | | | | |
| **ЦЕЛ 2 Да се подобри соработката со родителите** | | | | |
| Активности | Целна група | Време на реализација | Одговорни | Индикатори |
| Професионална поддршка и обука на воспитувачите за успешна комуникација и соработка со родителите на деца кои покажуваат одредени отстапувања во развојот предизвикани од екранизацијата | Сите даватели на услуги | Во текот на воспитната 2026/2027 година | Директор и Стручни работници | - број на посетени обуки<br>- број на давателина услуги кои ја посетиле обуката<br>- извештаи од одржани средби со родители |
| Интерна обука на тема „Влијанието на екраните врз развојот на децата“ | Родители | Во текот на воспитната 2026/2027 година | Стручни работници | - број на родители кои ја посетиле обуката |
| | | | | |
| **ЦЕЛ 3 Да се подобри меѓусебната соработка и колегијална поддршка помеѓу вработените во градинката** | | | | |
| Активности | Целна група | Време на реализација | Одговорни | Индикатори |
| Посета на работилници, обуки и конференции организирани и понудени од разни провајдери со цел подобра соработка помеѓу давателите на услуги во градинките | Сите даватели на услуги | Во текот на воспитната 2026/2027 година | Директор, стручни работници, раководители | - број на посетени обуки<br>- број на давателина услуги кои ги посетиле обуката |
| Подобрување на компетенциите на воспитувачите и негователитесо современи методи за работа | Сите даватели на услуги | Во текот на воспитната 2026/2027 година | Директор, стручни работници, | - број на посетени обуки<br>- број на даватели на услуги кои ги посетиле обуката |

# 12. Програми за работа на директорот, стручните работници и соработници

### 12.1. Програма за работа на директорот на Установата

Со јавната установа за деца раководи директор на Установата. При организацијата и раководењето со работата, директорот самостојно донесува одлуки од делокругот на неговите надлежности и актите на установата, ја застапува Установата пред трети лица и е одговорен за законитоста при работењето. Согласно Закон за заштита на децата, Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (17/25 и 132/25) и Статутот на ОЈУДГ „Димче Мирчев" заведен под број 02-348/2 од 01.08.2015год., директорот :

- ја организира и раководи со работата на установата, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на установата, ја застапува установата пред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во установата.
- - ја предлага предлог-годишната програма за работа на управниот одбор и презема мерки за реализирање на годишната програма за работа,
- - ги извршува одлуките на управниот одбор,
- - одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработени за вршење на дејноста, согласно со закон, актите на установата и колективниот договор,
- - врши распоредување на работници,
- - поднесува извештај за работа на установата во текот на годината до управниот одбор и основачот,
- - поднесува извештај за реализација на годишната програма за работа до управниот одбор, основачот и министерството,
- - поднесува извештај за реализација на материјално-финансиското работење на установата до управниот одбор и до основачот и е одговорен за материјално-финансиското работење,
- - поднесува извештај за реализација на програмите до управниот одбор, основачот и министерството

- - формира постојани и повремени комисии за одредени прашања
- - именува Комисија за прием на деца
- - склучува договори согласно со Законот
- - одобрува отсуства на работниците, донесува решенија согласно Закон, Статут, општите акти и Колективниот договор.
- - определува замена на ненадејно отсутен работник
- - раководи со Стручниот совет на установата
- - врши други работи предвидени со закон, статут и други акти на установата.

ОЈУДГ „Димче Мирчев" Велес е респектирана установа која нуди и остварува партнерство во грижата, негата, воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст. Ние максимално и неуморно се залагаме за подобрување на квалитетот на нашата услуга и професионално, ефикасно, ефективно, навремено и совесно ги извршуваме нашите работи.

### 12.1.1. Предмет и содржина на Планот и Програмата на директорот

Предметот и содржината на Планот и Програмата на директорот опфаќаат 4 групи на работа:

1. **Административно-организациска работа**- која се однесува на континуираната активност, координирањето и работењето на установата во согласност со Локалната самоуправа од една и Министерството за социјална политика, демографија и млади од друга страна. Оваа група ги опфаќа сите работи поврзани со административното работење и организацијата на работата во установата.

   - Континуирано следење и координирање на работењето на установата во целост, спроведување на одлуките на Управниот одбор, Советот на родители, соработка со органите и телата на Локалната самоуправа и Министерството за социјална политика, демографија и млади;
   - Подготвување на Годишната програма и Извештај од работата на градинката;
   - Имплементација на новите правилници за работа во установата, согласно измените на законот за детска заштита;

- Следење, координирање и насочување на воспитно-образовната и згрижувачката дејност и предлагање мерки за нејзино унапредување;
- Организира уредување на објектите и отстранување на сите хигиенско-технички недостатоци пред почетокот и во текот на целата година;
- Конкретизација на содржините во планот на здравствена заштита, исхрана, јавна и културна дејност;
- Формирање на воспитните групи и распоред на вработените;
- Анализа на финансовото и материјално работење;
- Редовни средби со вработените во кујна, технички персонал и другите тела во установата;
- Целосно учествува во подготвувањето на листите за јадење и набавка на храна според нормативите;
- Се залага за одговорно извршување на работните задачи од сите вработени, за успешно реализирање на предвидените активности;
- Се залага за подобрување на општите услови за работа, изнаоѓање простор за прифаќање на што поголем број на деца кои моментално се на листа на чекање, со тоа и отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата и изнаоѓање спонзорства и донации, кои ќе имаат за цел да го подобрат животот на децата во Установата;
- Дополнување и обновување на дидактичките и основните средства за успешно спроведување на задачите предвидени со оваа Програма;
- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење на градинката;
- Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата.

1. **Воспитно-згрижувачка активност** - се работите поврзани со опфатот и распоредувањето на децата по групи согласно закон и нивно распоредување по објекти во соработка со стручната служба на Установата, активности поврзани со работата на воспитниот и негувателскиот кадар и сл.

Работата со стручните органи ќе ја реализира перманентно со планирање и програмирање на работата на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негуватели:

- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;
- Следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација.

2. **Педагошко-инструктивна работа**- се врши тимски заедно со стручните работници, а во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Биро за развој на образованието и други релевантни институции.

Работата со стручните органи ќе ја реализира перманентно со планирање и програмирање на работата на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негователи:

- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;
- Следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација;

Во согласност со Програмата на Установата за 2026/2027 година, дел од активностите кои се суштествени и кои можат такстативно да се предвидат, а ги презема директорот, се следните активности:

**С е п т е м в р и**

- следење на запишувањето и приемот на децата по групи и објекти;
- контрола и увид на здравствената заштита по објекти ;
- изготвување и донесување на Годишен извештај на Установата и Годишна програма на Установата;
- припрема на активности за одбележување на Детската недела;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- состаноци со стручните работници.

**О к т о м в р и**

- одбележување на Детската недела со низа планирани активности;

- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- одржување на состанок со стручен совет;
- состаноци со стручните работници.

**Н о е м в р и**

- следење на состојбите на службата за финансово работење и правните работи;
- следење на активностите во групите и манифестацијата: „Ја испраќаме есента “;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- состаноци со стручните работници.

**Д е к е м в р и**

- следење на подготовките на програмата за Нова Година;
- изготвување на оперативен и финансов план за 2027 год.;
- организирање и реализација на попис на средствата и опрема за 2026 год., обврски и побарувања;
- разгледување на извештаите од комисиите ;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- состаноци со стручните работници.

**Ј а н у а р и**

- анализа на материјалното и финансово работење за 2026 год. ;
- анализа на наплатата за престој на децата во Установата ;
- евалуација на работата во изминатиот период;
- едукација на воспитните тимови на тема актуелна и потребна за реализација на современа програма;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;

- состаноци со стручните работници;
- одржување на состанок на стручен совет;
- изработка на План за јавни набавки.

**Ф е в р у а р и**

- усвојување на пописот за книговодствената состојба;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- состаноци со стручните работници;
- следење на активностите по објекти.

**М а р т**

- подготовки за чествување на Денот на жената-8 Март;
- анализа на материјалното работење на кујната;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- состаноци со стручните работници;
- следење на активностите по објекти.

**А п р и л**

- организирање на активности по повод – Априлијада;
- организирање на активности по групи за чествувањето на патрониот празник;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- состаноци со стручните работници;
- следење на активностите по објекти.

**М а ј**

- одобрување на Планот за користење на годишен одмор ;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;

- состаноци со стручните работници;
- припреми за испраќање на идните првачиња;
- следење на активностите по објекти.

**Ј у н и - Ј у л и- Август**

- координација и надзор на користењето на годишните одмори на вработените;
- организирање на поединечни активности по повод заминувањето на децата од голема група во основно училиште;
- анализа на потребите за хигенско-техничко одржување и подготовки за летната сезона;
- реализација на посебна програма за престој на децата и активностите;
- редовен месечен состанок со Комисијата за изработка на листа на јадења;
- редовни месечни состаноци со раководителите на објектите на Установата;
- реализација на редовното тековно одржување по објекти и поправки;
- набавка на педагошка документација за потребите на Установата;
- надзор на сите активности поврзани со санација на објектите;
- состаноци со стручните работници;
- следење на активностите по објекти.

**12.2. Програма за работа на психологот на Установата**

Работата на психологот во Установата е составен функционален дел од работењето во Установите од предучилишна дејност. Тој во соработка со стручниот тим, дава голем придонес во преобразбата и понатамошниот развиток на предучилишното воспитание и образование како целосна стручна и поширока општествена грижа за децата од таа возраст.

Своите активности психологот ги остварува низ следните подрачја:

**1. Учество во програмирање и планирање на воспитно-образовната работа**

- учество во општата организација на воспитно-образовната работа и планирање на структурите по објекти и групи;

- учество во изработката на Извештајот за работа на детската градинка;
- учество во изработката на Годишната програма за работа на детската градинка;
- учество при планирање на воспитни групи според возраста и индивидуалните способности и особини кај децата;
- води сметка и за психолошката заснованост на методите и содржините при планирањата;
- помага на воспитувачките при изборот на содржините и ги упатува во сознанијата од областа на психолошкиот развој и неговите законитости.

**2. Следење на реализацијата на планот и програмата за воспитно-образовна работа**

- следење на квалитетот на остварувањето на воспитните задачи на одделни возрасти;
- ги планира содржините за работа на воспитниот персонал за секоја возрасна група за тематско/годишно планирање, среднорочно планирање и дневен оперативен план;
- присуства на слободните и насочените активности за да се следи интелектуалниот, социјалниот и емоционален развој на децата;
- го следи развојот на интересите, склоностите и други особини на личност кај децата;
- ги запознава реализаторите на воспитно-образовната дејност со најновите психолошки сознанија;
- ги проучува социо-емоционалните контакти и односи меѓу децата, односи на воспитувачките и негувалките кон децата и дава помош во развивањето и унапредувањето на истите;
- влијае врз воспитниот и згрижувачкиот кадар за креативно применување на нови средства во остварување на програмски задачи;
- директно учество во планирање на јавните манифестации и осмислување на содржината на истите;
- директно учествува во планирање и осмислување на проектите и проектните активности во Установата.

**3. Следење на развојот и непосредна работа со децата**

- прием на децата и структуирање во воспитни групи;
- следење на процесот на адаптација;
- особено се грижи за професионален и правилен пристап на персоналот кон децата почитувајќи ја нивната личност;
- соработка и советодавна работа со родителите;
- учество во планирање и остварување на соработка помеѓу предучилишната организација и родителите;
- стручна помош околу подготовка и јавна дејност на Установата;
- собирање податоци од родителите - важни за развојот на детето;
- индивидуална работа со децата и родителите на децата кои имаат проблеми во прилагодувањето, контактите;
- индивидуална работа со родителите на децата кои отскокнуваат, покажуваат афинитети и таленти.

**4. Аналитичко истражувачка работа во предучилишната установа**

- ги проучува и анализира неопходните услови за остварување на воспитно образовните задачи;
- ја следи реализацијата и текот на работата со децата во игротеката и други вонинституционални форми;
- планира и реализира мини истражувања.

**5. Учество во работата на стручните органи и стручни усовршувања навоспитните кадри**

- соработува со стручните активи на воспитувачките и негувателките;
- соработува со директорот во планирање, програмирање и организација на аналитичко истражувачки работи;
- учество во планирање, програмирање и реализација на различни форми на стручно усовршување;

**6. Индивидуално стручно усовршување**

- активно учествува во реализирањето на програмите за сопствено стручно усовршување (семинари, советувања, собири), индивидуално (стручна литература, списанија и сл.)
- учествува во организирани форми на размена на искуства и договори за работа со други психолози (активи, секции и т.н.)

12.3. Програма за работа на педагог-приправник во Установата

Основна цел: Унапредување на воспитно-образовната дејност во установата преку планирање, следење, анализа и вреднување на воспитно-образовниот процес, стручна поддршка на воспитно-згрижувачкиот кадар, следење на развојот и потребите на децата и создавање безбедна, инклузивна и стимулативна средина за учење и развој.

Работните задачи ќе се реализираат континуирано во текот на воспитно-образовната година преку:

1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа Учество во подготовката и реализацијата на Годишната програма и Годишниот извештај на установата, следење и поддршка при изработката на планирањата, нивната усогласеност со Програмата за рано учење и развој, како и учество во формирањето на воспитните групи и предлагање активности за унапредување на работата.

2. Следење и унапредување на воспитно-образовниот процес Континуирано следење на реализацијата на програмата, педагошката документација и планирањата, примена на современи методи и техники на работа, како и реализација на проекти, тематски, јавни и културни активности.

3. Педагошко-инструктивна и консултативна работа Обезбедување стручна поддршка и консултации на воспитно-згрижувачкиот кадар при планирањето и реализацијата на активностите, изборот на методи и средства, уредувањето на средината за игра и учење и примената на современи и индивидуализирани педагошки пристапи.

4. Учество во стручните органи и тела Учество во работата на Стручниот совет и стручните активи, следење и анализа на реализираните активности и предлагање мерки и препораки за унапредување на воспитно-образовната работа.

5. Следење на развојот и работа со децата Следење на адаптацијата и целокупниот развој на децата, препознавање на нивните индивидуални способности, интереси и потреби и поддршка на инклузивниот процес преку активности кои поттикнуваат развој, креативност и активно учество.

6. Соработка со родители и локалната заедница Учество во советодавна, информативна и консултативна работа со родителите, родителски средби и работилници, како и соработка со институции, организации и здруженија во интерес на децата.
7. Стручно усовршување Континуирано професионално усовршување преку учество на обуки, семинари и работилници, следење и примена на современи педагошки сознанија и добри практики, размена на професионални искуства и водење професионално портфолио. Со реализацијата на програмата, педагогот-приправник ќе придонесува кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа, професионалниот развој на кадарот, оптималниот развој и благосостојбата на децата и јакнењето на соработката меѓу установата, семејството и локалната заедница.

## 12.4. Програма за работа на специјалните едукатори и рехабилитатори (дефектолози) во Установата

Специјалните едукатори и рехабилитатори (дефектолозите) првенствено работат со децата со потешкотии во развојот, ги детектираат и проценуваат нивните специфични потреби и им даваат поддршка во процесот на учење и напредување. Со цел да им се обезбеди пристап до воспитно-образовните содржини и полесно учење, дефектолозите користат различни соодветни техники, методи, стратегии, рехабилитациски постапки и соодветна асистивна технологија. Воедно, заедно со инклузивниот тим континуирано ги следат нивните постигнувања во развојот и едукацијата согласно индивидуално поставените цели, според планот и учествуваат во креирањето на инклузивната култура, инклузивната политика и практика во предучилишната установа.

Покрај професионалниот дел специјалните едукатори и рехабилитатори учествуваат и во општата организација на воспитно-образовната работа. Земаат учество во планирање на структурите на групите по објекти, во однос на бројноста каде што има деца со пречки во развојот, како и во работата на Комисијата за прием на деца со потешкотии во развојот. Учествуваат и во изработката на Извештајот за работа на детската градинка и во изработката на Годишната програма за работа на детската градинка.

1. **Работа со децата**

При поддршката на децата со потешкотии во развојот во совладувањето на воспитно-образовните содржини, специјалните едукатори и рехабилитатори:

- вршат детекција, опсервација и проценка на децата кои покажуваат одредени потешкотии во развојот;
- реализираат индивидуални дефектолошки третмани;
- користат диференцијација и индивидуализација со цел да обезбеди пристап до содржините;
- користат асистивна технологија во работата;
- работат на развој на вештини кај децата;
- го следат напредокот на децата;
- ги синтетизираат и интерпретираат добиените податоци од сите членови на инклузивниот тим и релевантните институции кои нудат сервиси и услуги;
- го координираат вклучувањето на надворешните професионалци.

2. **Работа со воспитувачи и негователи**

Континуирана поддршка на воспитувачите и негувателите во работата со децата со потешкотии во развојот, со посебен акцент врз изготвувањето на индивидуалниот план и реализација на истиот, како и во соодветното вклучување на овие деца во занималната и воспитно образовните активности.

Поддршката на воспитувачите и негувателите специјалните едукатори и рехабилитатори ја дава преку:

- јакнење на капацитетите на воспитувачите и негувателите за препознавање и работа со децата со потешкотии во развојот;
- избирање и изготвување методи, техники, средства за работа и инструменти за проценување и следење на напредокот на децата со потешкотии во развојот соодветни на видот и степенот на попреченоста, поставените цели и функционалните способности на детето;
- давање насоки за неопходни модификации и адаптации во процесот на учење, со цел децата со потешкотии во развојот максимално да учествуваат и постигнуваат;
- давање насоки (групни или индивидуални) за документирање на постигнувањата на децата со потешкотии во развојот преку развој на формулари за следење

### 3. Работа со родители

Специјалните едукатори и рехабилитатори, низ советодавна работа и директна поддршка на родителите на децата со потешкотии во развојот, овозможуваат тие да ги разберат и прифатат потешкотиите и посебните потреби, како и можностите на своето дете и ги упатува во соработка со тимот во градинката да работат на одржливоста и развивањето на она што детето умее и може.

Соработката и комуникацијата со родителите на децата со потешкотии во развојот ја спроведуваат преку:

- користење на групни или индивидуални средби и советувања;
- информирање на родителите на децата со потешкотии во развојот за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош;
- им даваат инструкции на родителите за работа со нивните деца во домашни услови;
- водат евиденција за средбите.

### 4. Соработка со заедницата

Специјалните едукатори и рехабилитатори соработуваат со образовни, здравствени, социјални институции, како и специјализирани институции кои придонесуваат за развојот на учењето на децата со потешкотии во развојот. Соработуваат со други училишта во рамките на локалната заедница заради обезбедување на советодавна помош во однос на децата со потешкотии во развојот.

### 5. Аналитичко - истражувачка работа

Специјалните едукатори и рехабилитатори собираат податоци за бројот на децата со потешкотии во развојот во градинката, водат евиденција и редовно ја ажурираат. Добиените податоци ги користат за споредбени анализи во однос на зголемувањето или намалувањето на бројот секоја воспитно-образовна година, планирање на опремувањето на занималните и другите простории со нагледни средства и дидактички материјали, помагала, како и професионален развој на воспитно-негувателскиот персонал. Исто така, прават анализа на

развојот на инклузивната клима во градинката и вклученоста на децата со потешкотии во развојот во рамките на групите и надвор од објектите.

**6. Индивидуално стручно усовршување**

- активно учествуваат во реализирањето на програмите за сопствено стручно усовршување (семинари, советувања, конференции), индивидуално (стручна литература, списанија и сл.)
- учествуваат во организирани форми на размена на искуства и договори за работа со други специјални едукатори и рехабилитатори и Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори.

**12.5. Програма за работа на социјален работник-приправник во Установата**

Цел: Основна цел на работата на социјалниот работник е унапредување на социјалната заштита и благосостојбата на децата, поддршка на семејството и создавање еднакви услови за вклучување и развој на секое дете.

Задачи и активности: Следење на социјалните услови и потреби на децата и семејствата. Идентификување на деца и семејства на кои им е потребна дополнителна поддршка. Соработка со родители/старатели во насока на надминување на социјалните и воспитните тешкотии. Соработка со воспитно-образовниот кадар, педагогот, психологот и стручните служби во установата. Следење и поддршка на инклузивниот процес и еднаквото учество на децата во активностите. Преземање активности за заштита на правата и најдобриот интерес на детето. Соработка со надлежни институции и други служби кога тоа е потребно за обезбедување соодветна помош и заштита. Водење соодветна документација и изготвување извештаи за реализираните активности.

Очекувани резултати: Подобрена социјална сигурност и благосостојба на децата, навремено препознавање на потребите и тешкотиите, подобрена соработка со семејствата и институциите и создавање безбедна и поддржувачка средина за секое дете.

12.6. Програма за работа на логопедите во Установата

Говорот е многу комплексна форма на човековото однесување и е развиен со усвојување на својот јазик од животната средина и е средство за комуникација меѓу луѓето. Со говорот ги изразуваме мислите, емоциите и желбите. Говорот е најуспешен медиум за пренос на информации. Тој има социјална цел и е основно средство за комуникација.

Вербалната комуникација ги опфаќа сите видови отстапувања, ограничувања, изгубеност или неразвиеност на нејзината способност. Нејзини средства се: говор, јазик, глас, слух, читање и пишување.

Етиолошките фактори кои што доведуваат до состојба на оштетување, потешкотии, ограничување или пореметување на способноста за вербална комуникација можат да бидат: органски (расцеп на усна, меко и тврдо непце, варијации во структурата на артикулаторите, губиток на слухот) и останати или надворешни фактори како: трауми, психички, био-социјални, социо-економскии други познати или непознати етиолошки фактори.

Дејност на логопедот како стручен работник во работата со децата со развојни потешкотии во говорот, значи професионално согледување на детските развојни и специфични потреби, ублажување на потешкотиите и спречување на секундарните последици, се со цел интегрирање на децата во поширокатa општествена средина.

Во групите се среќавам со деца кај кои најчесто се јавуваат следните отстапувања во говорот:

- Деца со патолошки состојби во говорот и јазикот
- Деца со успорен развој на вербалната комуникација од развојна природа било хередитарно или аквирирано
- Деца со недоволно развиена способност за вербална комуникација и субкултурно вербално однесување
- Вклучена е и работата со деца со патолошки состојби во слухот како и деца со психички и физички потешкотии, односно деца со посебни потреби кои имаат патологија во говорот.

**Работата на логопедот опфаќа:** Превенција**,** дијагностика, рехабилитација, истражување, едукација и советување.

Планирано е посета на згрижувачко воспитните групи од градинката:

- Опсервација на групите
- Употреба на игра за полесна адаптација на децата кон логопедот како непознато лице
- Детекција и забележување на децата со патологија во вербалната комуникација
- Логопедска дијагностика
- Средба со родителите на децата кои имаат патологија во вербалната комуникација, во секој објект поединечно со цел запознавање на проблематиката и овозможување на соработка која е од особена важност за крајниот исход.
- Адаптација на децата
- Започнување со логопедска рехабилитација
- Логопедските вежби траат 20-30 минути во зависност од возраста на детето и бројот на деца во престојниот објект. Можат да бидат индивидуални и групни во зависност од отстапувањата во говорот.

**Логопедот:**

- Изготвува Годишна програма и Годишен извештај за сопствената работа;
- Учествуваше во работата на Комисијата за прием на деца со потешкотии во развојот;
- Учествува во распоредување на децата со потешкотии во развојот во соодветни групи адекватни на нивните способности и потреби;
- Го следи процесот на адаптација на децата и го помага истиот;
- Ги опсервира воспитно-образовните активности и при тоа го следи говорниот развој и комуникацијата на децата;
- Врши опсервација и детекција на деца кои покажуваат одредени потешкотии во говорот;
- Дијагностицира и класифицира говорни потешкотии кај децата во установата;
- Изготвува индивидуални планови за работа со деца со потешкотии во говорниот развој;
- Логопедскиот третман го реализира преку индивидуална и групна работа со децата;
- Ги следи, анализира и евидентира ефектите од индивидуалниот логопедски третман;
- Остварува активна и отворена соработка со родителите на децата со потешкотии во говорот;
- Дава поддршка и насоки на воспитувачките и негователките;

- Остварува активна соработка со дефектологот, со цел унапредување на развојот на децата со развојни потешкотии;
- Планира и спроведува одредени истражувања од својата област во установата;
- Учествува во работата на Стручниот совет;
- Дава стручни совети и мислења на други установи кои имаат потреба од логопедско мислење;
- Консултативна и советодавна работа со деца со говорни потешкотии кои не се згрижени во установата и нивните родители;
- Ги следи современите текови, достигнувања и стручната литература од логопедската област и ги применува во својата работа;
- Соработува со други стручно-научни институции и други локални установи;
- Активно соработува со директорот, педагогот, психологот, дефектологот, социјалниот работник, воспитувачите и негователките;
- Води евиденција за својата работа и поднесува годишен извештај до директорот на градинката;
- Врши и други работи согласно стручната подготовка.

Колкав резултат ќе има детето од логопедските третмани пред се зависи од повеќе фактори: клиничката слика, дијагноза, етиологијата, говорно јазичните способности, соработка со детето, соработка со родителите.

## 12.7. Програма за работа на музичкиот педагог во Установата

Многу е значајно сознанието дека со воведување на музиката во животот на детето, потребно е да започнеме што порано.

Основна цел на воспитно-образовната работа е поттикнување на љубовта кон музиката, развивање на музичките способности, чувството за ритам, слухот, музичката меморија, креативноста и емоционалното изразување преку разновидни музички активности. Во текот на годината децата ќе се запознаваат со песни, бројалки, музички игри, движење со музика, слушање музички композиции и користење детски музички инструменти.

Содржините и активностите ќе бидат прилагодени на возраста и индивидуалните способности на децата, со постепено усложнување на задачите и поттикнување на

активно учество. Особено внимание ќе се посвети на развивање на самодовербата, соработката, комуникацијата и позитивната атмосфера во групата преку музичко изразување.

Работата на музичкиот педагог опфаќа:

- Годишен план на активности/програма за работа
- Месечен план на активности
- Оперативен и годишен извештај за сопствената работа
- Учество во подготовка на годишната програма во домен на музичко воспитание за сите возрасти
- Учество во глобално годишно, месечно и дневно планирање
- Планирање и подготовка на музиката за завршна манифестација
- Учество во приредби и планирање активности за истите од разни културни и други манифестации
- Организирање и реализација на активности кои ќе придонесат за поттикнување на индивидуалните споспбности на секое дете, со цел истакнуваање на музичкиот талент на децата
- Работа со талентирани деца
- Поттикнување на децата да се вклучат во часот по музичко воспитание и слободно да се изразат преку пеење
- Интеракција со децата од сите возрасти во текот на учебната година на различни теми на полето на музичкото воспитание
- Создавање на стимулативен амбиент за стекнување вештини и непречен развој во сите домени со што се поддржува холистичкиот развој кај децата
- Перманентно работење на сопствената професија и усовршување
- Вклучување во проекти, стручни предавања, обуки, работилници, одбележување на светски денови и други музички настани.

Соработка со раководниот и воспитно-згрижувачкиот кадар:

- Индивидуални разговори и средби

- Групни состаноци, средби и разговор
- Соработка со стручен тим
- Индивидуални разговори и средби
- Планирање заеднички обуки, предавања и работилници

Соработка со родители:

- Индивидуални разговори
- Средби по договор и разговор по потреба
- Консултации за талентирани деца

Сопствено стручно усовршување и професионален развој:

- Стручна соработка со музички педагози од други детски градинки и размена на искуства
- Континуирано следење на музички фестивали од сите типови на музика-детски фестивали, фестивали на народна и традиционална музика, фестивали од забавен карактер
- Посета на разни културни манифестации и учество во нив
- Надградба преку интернет и веб портали од домашно и странско потекло
- Вклучување во многубројни музички работилници за сопствена едукација и надополнување на искуството
- Сугестии, предлози, размена на искуство и дебати од музички карактер со еминентни музичари и професори од Р.С. Македонија и гости од надвор.

### 13.1. Логопедски кабинет

Детето во текот на својот ран развој го усвојува мајчиниот јазик и спонтано го совладува говорот. За таков спонтан и природен јазично-говорен развој неопходна е уредна органска основа која подразбира: уреден слух, уреден фонолошки слух, моторички способности и вештини, интелектуален развој, уреден развој на когнитивните способности и уреден развој на психо-социјалните способности.

**Логопедскиот кабинет** за јазична говорна комуникација има за цел пружање на услуги за логопедска дијагностика, советување и терапија на пореметувањата во комуникацијата и јазично-говорната патологија кај децата, како и ублажување на потешкотиите и спречување на секундарните последици.

Во логопедскиот кабинет ќе работат логопедите од установата кој овозможува превенција, детекција, дијагностика и третман на пореметувањата во комуникацијата, јазикот, говорот и гласот. Кабинетот е опремен со дијагностички и терапевтски инструменти, вклучувајќи го и дигиталниот логопедски сет-Берингер. Тој претставува иновација во обработката на звучниот сигнал користејќи дигитално сигнално процесирање кое овозможува брза и прецизна обработка на звукот со ист квалитет и брзина како и човековиот мозок. Тој може да се користи при третман на: развојна дисфазија, пелтечење, дислалија, дислексија, дисграфија, дизартрија, оштетување на слухот, пореметување на слушното процесирање, како и при останатите говорно-јазични пореметувања.

Дигиталниот логопедски сет може да се применува и во групни третмани, затоа што постои можност за приклучување на повеќе слушалки, звучници или уреди за репродукција на слухот.

Целта на логопедскиот кабинет и примената на логопедскиот сет е преку пружањето на стручна помош да ја подигнеме самоконтролата на децата, да го подобриме квалитетот на терапијата и да го подобриме квалитетот на нивниот живот.

Правилно развиениот јазик и говор претстои за примерен развој на детето, како и за негово успешно школување и професионално определување.

## 13.2. Соби за сензорна интеграција и Snoezelen соби

Сензорната интеграција како процес претставува организација на сите информации кои се примаат и се обработуваат во мозокот, за да можат децата да функционираат во секојдневните активности. Сензорна интеграција претставува комплексна организација на сите сетила кои телото ги користи во секојдневниот живот: сетило за вид, слух, мирис, вкус, допир, вестибуларно и проприорецептивно сетило.

Потешкотиите во примањето и толкувањето на овие сигнали можат да доведат до сериозни последици во одредени сфери: интеракцијата со другите, дневното

функционирање, семејните и социјалните врски, бихевиоралните предизвици (однесувањето), регулирањето на емоциите, самодовербата, учењето итн.

Сензорната соба наменета е за деца со потешкотии во развојот и деца кои манифестираат необично однесување како што е прекумерно барање или избегнување на активности, движења, звуци и светлосни дразби. Тоа се деца со развојни нарушувања, аутизам, елементи од аутистичен спектар, АДХД, забавен психомоторен развој, дисхармоничен развој, дисгнозија, диспраксија и дисхронија, деца со интелектуално нарушување, неразвиен говор (алалија, дисфазија), говорни нарушувања, емоционални нарушувања и други развојни потешкотии.

Според одредени клинички и невропсихолошки истражувања, 10-15% од децата имаат потешкотии во сензорната интеграција. Иако секое дете е родено со оваа способност, сензорното интегрирање мора да се развие и доведе во однос со многу настани околу себе и да се прилагоди сопственото тело и мозокот кон многубројните предизвици во текот на детството. Целта на третманот е да се овозможи управување со сензорниот внес за да може детето да создава адаптивни реакции кои ги интегрираат тие сензации во целосно доживување. Обично вклучува самоводење, меѓутоа ако детето не може да ги задоволи сензорните потреби, терапевтот директно применува сензорна стимулација (кај децата со потешки пореметувања, посебно аутизам). Децата без потешкотии сензорната интеграција ја остваруваат преку игра која се одвива спонтано, а сепак му помага на детето да: истражува, проверува, гледа, допира, слуша, ја подобрува концентрацијата, чувствува сигурност и поврзаност, ја стимулира комуникацијата и блискоста, смирува и релаксира, создава чувство на задоволство и пружа подобро знаење за телото. Третманот трае 30-тина минути, а должината на престојот се проценува на лице место, врз основа на реакциите.

Snoezelen собата е соба која е специјално опремена и каде природата, интензитетот и количината на стимулусот е контролирана. Snoezelen се користи кај аутизам, растројства во развојот, повреди на мозокот како и за мали деца. Најчести истражувања се клиничките студии кои покажуваат дека во Snoezelen средината намалена е вознемиреноста и стереотипното однесување за 50%, а агресивното однесување и самоповредувачкото однесување за 75%. Овие соби се посебно дизајнирани да предизвикуваат кај децата, одмор, мир, добросотојба, задоволство и радост. Пријатното опкружување навраќа пријатни спомени. Со ова се зголемува потенцијалот за развивање на идеи. Бенефитот од постоењето на оваа соба секако не е само за децата со потешкотии во развојот туку за сите деца кои

доаѓаат во градинката и кои би можеле да ја користат како една стимулативна средина и место каде на еден поинаков магичен свет можат да осознаваат и учат.

Детската градинка во рамките на собата за сензорна интеграција и Snoezelen собата ќе опфаќа деца на возраст од 2-6 години, а третманите ќе се изведуваат еднаш или двапати седмично од страна на специјалните едукатори и рехабилитатори (дефектолози). Со секое дете кое има потреба ќе се работи сé до постигнување на претходно поставената/ите цел/и. Предвидена е и постојана соработка со родителите, нивно директно учество и давање информации и насоки за продолжување на работата во секојдневните животни активности.

## 14. Заклучок

Нашата градинка е место каде што нашите деца се чувствуваат среќни, сигурни и безбедни. Ние ги почитуваме различностите и го поттикнуваме индивидуалниот развој на секое дете. На децата им даваме можност активно да учествуваат во нивното учење, а воспитно-згрижувачкиот персонал создава услови децата да се оспособат да одговорат на предизвиците со кои треба секојдневно да се соочуваат.

Воспитно-згрижувачкиот тим им помага на децата самостојно да ги согледаат можностите да изберат, да се грижат за себе и за другите, да ги изразат своите чувства и идеи.

Децата во нашата градинка имаат централна улога и тука се насочуваат тие да станат личности кои ќе учат во текот на целиот живот и кои ќе ги следат своите интереси со ентузијазам. Тие ќе управуваат со новиот, се надеваме, поубав и похуман свет.

Во градинка со децата не само што зборуваме и раскажуваме, многу покажуваме и секогаш вклучуваме!

**Нашата мисија: „Ние сме партнери на родителите во воспитанието и образованието на децата, нивниот правилен раст и развој, креираме безбедна стимулативна средина, негуваме тимска работа, толеранција, ги почитуваме различностите, и ги поттикнуваме индивидуалните можности и способности на децата, градиме успешна соработка и ја промовираме нашата установа во локалната заедница".**

**Нашата визија** е среќно дете кое расте во сигурно, убаво и стимулативно опкружување под мотото: **„Заедно да растеме, играме и осознаваме, да бидеме куќа на среќни деца, задоволни родители и успешна установа".**

ДИРЕКТОР

Општинска јавна установа за деца Детска градинка „ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

Наташа Јанушева

# ПРИЛОЗИ

**БРОЈ НА СОСТОЈБА НА ДЕЦАТА И ГРУПИТЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА УСТАНОВА** Прилог бр. 1

| ОУДГ"ЛимнаМинчев"- Ваpoc | Објект | | Опфатенидеца | Јасли | | | | | | Градинка | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | До 18 Месеци | | 18-24 Месеци | | **Вкупно Јасли** | | Возрасна Група на деца од 2-3 год | | Возрасна Група на деца од 3-4 год | | Возрасна Група на деца од 4-5 год | | Возрасна Група на деца од 5-6 год. | | Хетероген игрупи | | Скратена форма | | Децасоразвојнипотешкотии | **Вкупно градинка** | | **ВКУПНО** | |
| | | | | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца | Деца | Групи | Деца | Групи | Деца |
| | **1** | 125 | **102** | | | 1 | 18 | **1** | **18** | 1 | 15 | 1 | 25 | 1 | 25 | 1 | 19 | | | | 1 | 7 | **4** | **84** | **5** | **102** |
| | **2** | 260 | **371** | 1 | 25 | 1 | 26 | **2** | **51** | 3 | 63 | 3 | 83 | 3 | 92 | 3 | 82 | | | | 1 | 16 | **12** | **320** | **14** | **371** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | 255 | **196** | | | 1 | 25 | **1** | **25** | 2 | 38 | 2 | 47 | 2 | 55 | 1 | 31 | | | | 3 | 11 | **7** | **171** | **8** | **196** |
| **4** | 120 | **156** | | | 1 | 27 | **1** | **27** | 1 | 27 | 1 | 30 | 1 | 29 | 1 | 29 | 1 | 24 | | | 9 | **5** | **139** | **6** | **166** |
| **5** | 100 | **114** | | | 1 | 20 | **1** | **20** | 1 | 23 | 1 | 27 | 1 | 26 | 1 | 27 | | | | | 4 | **4** | **103** | **5** | **123** |
| **6** | 125 | **119** | | | 1 | 21 | **1** | **21** | 1 | 23 | 1 | 29 | 1 | 25 | 1 | 28 | | | | | 4 | **4** | **105** | **5** | **126** |
| **7** Групаводругипросторниуслови | 32 | **21** | | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** | **30** | | | | **1** | **30** | **1** | **30** |
| **8** | 40 | **6** | | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** | **8** | | | | **1** | **8** | **1** | **8** |
| ВКУПНО | **1507** | **983** | **1** | **16** | **6** | **72** | **7** | **88** | **9** | **164** | **9** | **230** | **9** | **251** | **8** | **221** | **3** | **51** | | **8** | **51** | **38** | **914** | **45** | **1122** |

(состојба 01.09.2026)

Забелешка: Децата од колоната со развојни потешкоти и веќе се собрани во бројот на групите

**УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ОЈУДГ„Димче Мирчев“, Прилог бр.2**

ПРЕГЛЕД

за бројот на вработени на неопределено време во установата за деца според работите за остварување на дејноста (работно место) и според фактичката стручна подготовка

| Ред. бр. | Општини | Вкупно | Фактичка стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Неопредe-лено време | Договор на дело | Определено време | Агенција за привремени вработувања | Итни и неодложни работи | Волонтери |
| 1 | 2 | 3=4+5+6+7+8+9 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **1** | **Раководни работници** | | | | | | | |
| | ВД Директор | 1 | 1 | | | | | |
| | Раководители на објекти | 5 | 5 | | | | | |
| **2** | **Стручни работници/соработници** | | | | | | | |
| | Педагог | 1 | 1 | | | | | |
| | Психолог | 1 | 1 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор | 2 | 2 | | | | | |
| | Логопед | 2 | 2 | | | | | |
| | Социјален работник | 1 | 1 | | | | | |
| **3** | **Згрижувачки кадар** | | | | | | | |
| | Негувател | 64 | 57 | 7 | | | | |
| | негувател кој работи во група со деца со посебни потреби | | | | | | | |
| | негувател кој работи во група во која има и деца со посебни потреби | | | | | | | |
| **4** | **Воспитен кадар:** | | | | | | | |
| | Воспитувач | 30 | 30 | | | | | |
| | Воспитувач кој равоти во група со деца со посебни потреби | | | | | | | |
| | Воспитувач кој работи во група во која има и деца со посебни потреби | | | | | | | |
| | Помошник воспитувач за група на деца со посебни потребни | | | | | | | |
| **5** | **Стручни соработници** | | | | | | | |
| | музички педагог | 1 | 1 | | | | | |
| | дипломиран ликовен педагог | | | | | | | |
| | педагог по физичко воспитување | | | | | | | |
| | медицинска сестра | | | | | | | |
| | дипломиран професор по странски јазик и книжевност | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| **6** | **Административен кадар:** | | | | | | | |
| | Благајник | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Администратор кој врши благајнички и други административни работи (архивар) | | | | | | | |
| | Секретар | 1 | 1 | | | | | |
| | Правник | | | | | | | |
| | Економист | 1 | | 1 | | | | |
| | Материјален книговодител | 1 | 1 | | | | | |
| | Книговодител кој врши и други работи | | | | | | | |
| | Финансов книговодител | | | | | | | |
| | Аналитичар- евидентичар | | | | | | | |
| **7** | **Готварски кадар:** | | | | | | | |
| | Готвач | 3 | 3 | | | | | |
| | Помошник готвач во главна кујна | 2 | 2 | | | | | |
| | Помошник готвач во чајна кујна | 5 | 5 | 1 | | | | |
| | Садомијачка-сервирка | 2 | 2 | | | | | |
| **8** | **Друг технички кадар:** | | | | | | | |
| | Домаќин-возач | 1 | 1 | | | | | |
| | Набавувач-возач | | | | | | | |
| | Хаус-мајстор | 1 | 1 | | | | | |
| | Магационер | 1 | 1 | | | | | |
| | Градинар- чувар | 3 | 3 | | | | | |
| | Хигиеничар | 21 | 21 | | | | | |
| | **ВКУПНО:** | 151 | 142 | 9 | | | | |

(состојба 01.09.2026 година)

Содржина:

Вовед.....2

1.Појдовни основи за организација на дејноста.....3

2.Услови за работа и организациона поставеност .....4

2.1.Просторни услови .....6

2.2. Потребни зафати за санација и реконструкција на установата .....6

2.3. Аудио-визуелна опременост .....7

2.4.Библиотечен фонд.....7

2.5. Набавка и дополнување на игровна опрема и дидактички материјали.....7

3. Организација на животот и работата во детските јасли и градинските групи.....7

3.1. Организација на животот и работата во детските јасли .....8

3.2. Организација на животот и работата во градинските групи .....9

4. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа.....10

5. Здравствена дејност .....12

6.Јавна и културна дејност .....15

6.1.Соработка со локалната и општествената заедница.....17

7. Соработка со семејството .....17

7.1.Партнерски односи на соработката .....18

7.2.Форми на соработка со семејството .....19

8.Проекти и проектни активности .....20

8.1.Реализација на проекти со децата во установата .....20

8.1.1 Проект: „Јас и мојот свет – семејство” ”.....21

8.1.2. Проект: „Мали граѓани на големиот град“.....24

8.1.3. Проект: „Спортуваме, другаруваме”.....27

9. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем .....27

9.1. Еко градинка.....27

10. Факултативни програми  во установата .....27

11. Стручен совет и стручно усовршување на кадарот .....29

12.Програми за работа на директорот, стручните работници и соработници .....31

12.1. Програма за работа на директорот на установата .....31

12.2. Програма за работа на психологот на установата .....38

12.3. Програма за работа на педагог-приправник во Установата .....41

12.4. Програма за работа на специјалните едукатори и рехабилитатори (дефектолози) на установата .....43

12.5. Програма за работа на социјален работник-приправник во Установата .....46

12.6. Програма за работа на логопедите на установата .....48

12.7. Програма за работа на музичкиот педагог .....49

13.1. Логопедски кабинет.....50

13.2. Соба за сензорна интеграција и Snoezelen соба.....51

14.Заклучок .....53

Прилози.....55